РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 12-153/5
11.09.2023 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

До:__________________________________

# СООПШТЕНИЕ

**За организарње на јавна анкета и јавна преземтација по Нацрт- Детален урбанистички план за Урбана единица 7, за Блок 7.2 населба "Странец" во град Валандово**

Врз основа на член 27 став 5 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и 111/2023), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), Градоначалникот на Општина Валандово упатува:

Се известуваат граѓаните, сите заинтересирани правни и физички лица од подрачјето опфатено со планот, подрачјата соседни на планскиот опфат, широката јавност, претставници на стручната јавност, претставници од органи на државната управа, претставници на единиците на локалната самоуправа, стручни лица од невладини организации и други стручни лица од областа што е релевантна за планирањето и за конкретниот плански опфат, дека општина Валандово организира јавна презентација и јавна анкета за Нацрт- Детален урбанистички план за Урбана единица 7, за Блок 7.2 населба "Странец" во град Валандово помеѓу улиците сервисна 30,сервисна 8, сервисна 33 и сервисна 32, со тех. бр. 81/2023 од август, 2023 година изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА ДОО Скопје.

Граници на опфатот се:

- на запад е улица „сервисна улица 8",
- на исток улица „сервисна улица 32",
- на југ е улица „сервисна улица 33" и
- на север е улица „сервисна улица 30".

Планскиот пфат е со површина од 4,96 ха.

## Јавната анкета

Јавната анкета за Нацрт- Детален урбанистички план за Урбана единица 7, за Блок 7.2 населба "Странец" во град Валандово помеѓу улиците сервисна 30,сервисна 8, сервисна 33 и сервисна 32, со тех. бр. 81/2023 од август, 2023 година изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА ДОО Скопје ќе се спроведе со излагање на планот во просториите на општина Валандово како и со објавување на планот во системот за е-урбанизам и на веб страната на Општина Валандово.

Јавната анкета ќе трае 30 (триесет) денови и тоа од 26.09.2023 година до 25.10.2023 година, секој работен ден од 07.00 до 16.00 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица, можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

**Јавната презентација**

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 26.09.2023 година во 12:00 часот во просториите на општина Валандово.

.

Изработил: Илија Матеев

Контролирал: Горан Childрев

Општина Валандово
Раководител на одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР
Ѓоко Аврамски

Gjoko Avramski

Digitally signed by Gjoko Avramski
Date: 2023.09.11 09:00:50 +02'00'